Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ПЗУ АПТЕКИТЕ

Скопје, 2023

Содржина

1. ВОВЕД 3

2. РЕЗУЛАТИ ОД АНАЛИЗАТА НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ 4

2.1 Вкупна потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗО 4

2.2 Потрошувачка на лекови на рецепт според меѓународната АТК класификација на лекови на СЗО 5

2.2.1 Потрошувачка на лекови по АТК, прво ниво 5

2.2.2 Потрошувачка на лекови по АТК трето ниво 10

2.2.3 Потрошувачка на лекови по АТК петто ниво 12

2.3 Потрошувачка на лекови на рецепт по подрачни служби на Фондот 13

2.4 Потрошувачка на лекови од групата на антибиотици и анксиолитици 16

3. ЗАКЛУЧОЦИ 19

1. Вовед

Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија е стратешки купувач на здравствени услуги, во кои што се сметаат и лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот. На примарно ниво на здравствена заштита, осигурениците на Фондот право за лек на рецепт на товар на Фондот остваруваат преку ПЗУ аптеките, врз основа на пропишан лек на рецепт од избран лекар, согласно законските прописи и договорните одредби од договорот со Фондот.

Врз обезбедувањето со лекови на рецепт влијаат повеќе фактори:

- ✓ Бројот, видот и количините на лекови достапни на пазарот во државата, за лекови од Листата на лекови што паѓаат на товар на Фондот,
- ✓ Бројот и територијалната распределба на приватните здравствени установи (ординации и аптеки) од Мрежата на здравствени установи кои имаат договор со Фондот,
- ✓ Демографската структура на населението/осигурениците во државата,
- ✓ Медицинските потреби за лекови на осигурениците,
- ✓ Формираните цени на лековите од страна на прозводителите/носителите на одобренијата за ставање лекови во промет, одобрени од Министерството за здравство,
- ✓ Надоместоците од Фондот по лек, што се утврдуваат како Референтни цени по INN генеричко име со дозажна форма и јачина на лек, за лековите од Листата на лекови што паѓаат на товар на Фондот,
- ✓ Надоместокот од Фондот за услугата што ја вршат ПЗУ аптеките за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт на товар на Фондот,
- ✓ Степенот на примената на добра здравствена и фармацевтска пракса, рационалноста и навиките за работа на кадарот во здравствените установи ПЗУ ординациите и аптеките,
- ✓ Друго.

Следење на потрошувачката на лекови од Листата на лекови на товар на Фондот издадени на рецепт во ПЗУ аптеки (ПЗЗ) се следи во континуитет и по повеќе параметри како што се:

- Број на реализирани рецепти
- Износи
- АТК групи на лекови (до 5-то ниво)
- Градови и региони
- Статистички анализи според АТК/ДДД методологијата на СЗО
- Друго

Овој извештај е подготвен по извршените анализи врз основа на достапните податоци за реализираните рецепти за лекови на товар на Фондот во 2022 година, добиени од информатичкиот систем на Фондот во периодот јануари-февруари 2023 година.

Понатаму во овој извештај се прикажани резулататите од спроведените анализи.

2. Резулати од анализата на потрошувачката на лекови на рецепт на товар на Фондот

2.1 Вкупна потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗО

Потрошувачката на лекови на рецепт на товар на Фондот во периодот од 2015 до 2022 година покажува континуиран пораст во бројот на реализирани рецепти, па така оваа година имаме незначително зголемување на бројот на реализирани рецепти од ~1%, додека вкупниот фактуриран износ за лекови на товар на Фондот од ПЗУ аптеките е зголемен за 1,4% во споредба со 2021 година (Табела 1 од овој извештај).

Табела 1. Број на реализирани рецепти и износи, 2015- 2022 година

Година	2015	2016	2017	2018	2019	2020	2021	2022
Број на рецепти(мил)	21,13	22,27	23,09	23,67	24,30	24,55	24,77	25,01
% на разлика за истиот период претходната година	9,00%	5,42%	3,67%	2,50%	2,69%	1,03%	0,89%	0,97%
Вкупен износ (милијарда денари со 5%ДДВ)	2,43	2,63	2,79	2,80	2,82	2,78	2,79	2,83
% на разлика за истиот период претходната година	7,18%	8,26%	6,09%	0,49%	0,72%	-1,38%	0,21%	1,41%

Како што се гледа од Табелата 1, во 2022 година износот за лекови на рецепт е 2,83 милијарди денари за реализирани 25,01 милиони рецепти.

Зголемената потрошувачка на лекови на рецепт на товар на Фондот го следи и светскиот тренд за зголемена консумација/потрошувачка на лекови.

2.2 Потрошувачка на лекови на рецепт според меѓународната АТК класификација на лекови на СЗО

2.2.1 Потрошувачка на лекови по АТК, прво ниво


Табела 2. Број на реализирани рецепти по АТК прво ниво, 2020 – 2022 година

Ред. бр.	АТК група на лекови	2020	2021	2022	Удел 2022	Разлика изразена во % 2022/2021	Разлика изразена во % 2022/2020
1	C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови	10.648.603	10.419.176	10.274.052	41,07%	-1,39%	-3,52%
2	A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот	3.744.032	4.044.200	4.230.918	16,91%	4,62%	13,00%
3	N - Лекови со дејство на ЦНС	3.965.989	4.088.720	4.025.336	16,09%	-1,55%	1,50%
4	J - Антиинфективни лекови за системска употреба	1.598.097	1.614.432	1.787.492	7,15%	10,72%	11,85%
5	R - Лекови за третман на болести на респираторен систем	1.249.944	1.237.699	1.265.617	5,06%	2,26%	1,25%
6	M - Лекови со дејство на коскено мускулен систем	1.154.760	1.161.178	1.205.892	4,82%	3,85%	4,43%
7	G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони	811.762	796.408	805.387	3,22%	1,13%	-0,79%
8	H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин	415.504	446.364	464.259	1,86%	4,01%	11,73%
9	B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи	391.268	392.416	370.203	1,48%	-5,66%	-5,38%
10	S - Лекови кои делуваат на сензорни органи	282.283	286.483	294.703	1,18%	2,87%	4,40%
11	D - Дерамтолошки лекови	207.738	204.574	204.696	0,82%	0,06%	-1,46%
12	L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови	45.608	43.351	43.646	0,17%	0,68%	-4,30%
13	P - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со	20.691	22.216	22.550	0,09%	1,50%	8,98%
14	V - Останато	18.050	16.758	18.638	0,07%	11,22%	3,26%
	Вкупно рецепти	24.554.329	24.773.975	25.013.389	100,00%	0,97%	1,87%

Во Табелата 2 се прикажани бројот на реализирани рецепти и вкупните износи за лековите според Анатомско-Терапевтско-Хемиска класификација (АТК) на лекови според СЗО.

По АТК прво ниво на лековите, за периодот 2020-2022 година се забележува континуиран пораст на бројот на реализирани рецепти за лекови на рецепт на товар на ФЗОРСМ во примарна здравствена заштита, освен за лекови од АТК групата С (лекови кои делуваат на срце и крвни садови) каде има намалување од околу 3,5% помалку рецепти во однос на 2021 година, кај лекови од АТК групата G (лекови кои делуваат на генитоуринарниот тракт и полови хормони) каде се бележи намалување од околу 0,8%, лековите од АТК група В (лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи) бележат намалување од 5,4% додека кај дерматолошките лекови има намалување од околу 1,5%. Забележителен пад во бројот на реализирани рецепти се јавува и кај антинеопластичните и имуномодулаторните лекови со околу 4,3% во споредба со предходната година.

Гафикон 1. Споредба на потрошувачката по АТК групи на лекови по рецепти, 2020-2022 година



Легенда: A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи; C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови; D - Дерамтолошки лекови; G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони; H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин; J - Антиинфективни лекови за системска употреба; L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови; M - Лекови со дејство на коскено; N - Лекови со дејство на ЦНС мускулен систем; P - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити; R - Лекови за третман на болести на респираторен систем; S - Лекови кои делуваат на сензорни органи; V – Останато

Во Графиконот 1 даден е приказ на потрошувачката на лекови на АТК прво ниво во последните три години (2020 – 2022 година) од каде може да се забележи дека најголемиот број рецепти се однесуваат на лекови од АТК групата **С** – лекови за кардиоваскуларниот систем. За оваа група на лекови во последните години се намалува бројот на реализирани рецепти но тие се секогаш први по потрошувачка, што е и светски тренд.

Втора по бројот на реализирани рецепти е групата на лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизам (АТК група **А**). За оваа група се реализирани 4,23 милиони рецепти и се бележи зголемување од околу 4,62% во однос на 2021 година.

На трето место според бројот на реализирани рецепти се лековите од АТК групата N - лекови со дејство на ЦНС со 4,02 милиони реализирани рецепти што е за 1,5% помалку од

претходната година. АТК групата N во предходните години била на второ место по број на реализирани рецепти.

Лековите од АТС групата J – антиинфективни лекови, исто како и во претходните години се на четвртото место според бројот на реализирани рецепти со 1,78 милиони рецепти, а во однос на 2021 година има зголемување на бројот на реализирани рецепти од околу 10,72%.


Табела 3. Број на ДДД/1000осигуреници/ден, АТК прво ниво, 2020–2022 .

Ред.бр	АТЦ група на лекови	2020	2021	2022	Удел 2022	Разлика изразена во % 2022/2021	Разлика изразена во % 2022/2020
1	C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови	396,45	404,41	391,49	53,65%	-3,19%	-1,25%
2	A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот	101,24	106,81	108,63	14,89%	1,70%	7,29%
3	N - Лекови со дејство на ЦНС	86,13	91,41	87,89	12,05%	-3,85%	2,04%
4	R - Лекови за третман на болести на респираторен систем	33,28	33,69	33,68	4,62%	-0,05%	1,19%
5	M - Лекови со дејство на коскено мускулен систем	29,66	30,56	30,81	4,22%	0,83%	3,89%
6	G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони	29,19	29,59	29,96	4,11%	1,26%	2,65%
7	J - Антиинфективни лекови за системска употреба	14,61	15,49	16,69	2,29%	7,77%	14,28%
8	H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови	13,60	14,76	14,80	2,03%	0,30%	8,83%
9	B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи	12,40	12,39	11,61	1,59%	-6,31%	-6,39%
10	S - Лекови кои делуваат на сензорни органи	2,91	2,92	3,01	0,41%	3,33%	3,60%
11	L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови	1,01	0,99	0,95	0,13%	-4,00%	-5,86%
12	P - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити	0,14	0,15	0,15	0,02%	-0,16%	9,15%
13	D - Дерамтолошки лекови	/	/	/	/	/	/
14	V - Останато	/	/	/	/	/	/
		721	743	730	100,00%		

Напомена: Одредени лекови од АТК групите D и S, но и во други случаи, немаат дефинирани дневни дози од СЗО и таквите лекови не се опфатени во овие споредби.

Од Табела 3 се забележува дека во 2022 година најголема потрошувачка пресметано по дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден се однесува на лековите од АТК групите: C–лекови за кардиоваскуларни болести, A-лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизам, N-лекови со дејство на ЦНС и R-лекови за респираторни болести, исто како и предходните години 2021 и 2020.

Графикон 2. Потрошувачката на лекови по АТК групи (ДДД/1000ос./ден), 2020- 2022



Легенда: A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи; C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови; D - Дерамтолошки лекови; G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони; H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин; J - Антиинфективни лекови за системска употреба; L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови; M - Лекови со дејство на коскено; N - Лекови со дејство на ЦНС мускулен систем; P - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити; R - Лекови за третман на болести на респираторен систем; S - Лекови кои делуваат на сензорни органи; V – Останато

Од Графикон 2 се гледа дека повеќе од половина на ддд/1000/ осигуреници на ден се однесуваат на лекови за кардиоваскуларните болести.


Од Табела 4 се забележува дека во 2022 година најголеми износи се издвоени за лековите од АТК групите: C–лекови за кардиоваскуларни болести, R-лекови за респираторни болести, N-лекови за ЦНС и АТК група А- лекови кои делуваат на дигестивниот тракт и метаболизам, исто како и предходните години.

Во 2022 година, за лековите од АТК С групата се издвоени приближно 718,6 милиони денари што претставува 25,43% од вкупно издвоените средства за лекови за оваа година, за лековите за респираторни болести се издвоени 15,6% од вкупните средства за лекови и се за 0,85% повисоки во однос на преходната година а за околу 5% пониски во однос на 2020 година. За лековите за ЦНС се издвоени 435,5 милиони денари или околу 15,4% од вкупните средства за 2022 година. Вкупно за овие три групи на лекови Фондот потрошил околу 1,6 милијарда денари или 56,4% од буџетот за лекови на рецепт.

Табела 4. Вкупни износи за лекови по АТЦ групи, прво ниво, 2020 – 2022 год. (денари)

Ред. бр.	АТКгрупа на лекови	2020	2021	2022	Удел 2022	Разлика изразена во % 2022/2021	Разлика изразена во % 2022/2020
1	C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови	717.674.990	711.810.796	718.685.105	25,43%	0,97%	0,14%
2	R - Лекови за третман на болести на респираторен систем	463.679.586	437.479.430	441.218.724	15,61%	0,85%	-4,84%
3	N - Лекови со дејство на ЦНС	441.208.814	439.017.459	435.516.031	15,41%	-0,80%	-1,29%
4	A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот	354.676.936	383.309.621	405.263.035	14,34%	5,73%	14,26%
5	J - Антиинфективни лекови за системска употреба	300.498.786	317.912.194	312.028.230	11,04%	-1,85%	3,84%
6	G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони	176.813.224	174.254.361	184.445.701	6,53%	5,85%	4,32%
7	M - Лекови со дејство на коскено мускулен систем	120.867.851	117.342.335	119.450.221	4,23%	1,80%	-1,17%
8	S - Лекови кои делуваат на сензорни органи	52.987.168	52.070.288	56.771.028	2,01%	9,03%	7,14%
9	B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи	47.656.093	48.182.001	44.438.532	1,57%	-7,77%	-6,75%
10	H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин	39.393.739	42.453.872	43.596.180	1,54%	2,69%	10,67%
11	L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови	37.235.688	35.854.554	37.447.219	1,32%	4,44%	0,57%
12	D - Дерамтолошки лекови	24.229.359	23.250.999	22.989.878	0,81%	-1,12%	-5,12%
13	V - Останато	2.419.348	2.214.737	2.463.198	0,09%	11,22%	1,81%
14	P - Лекови за лекување на инфекции	1.840.616	1.833.820	1.919.515	0,07%	4,67%	4,29%
	Вкупно:	2.781.182.198	2.786.986.467	2.826.232.596		1,41%	1,62%

Графикон 3. Потрошувачката на лекови по АТК групи по вкупни износи, 2020-2022 година



Легенда: ***A*** *- Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот;* ***B*** *- Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи;* ***C*** *- Лекови кои делуваат на срце и крвни садови;* ***D*** *- Дерамтолошки лекови;* ***G*** *- Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони;* ***H*** *- Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин;* ***J*** *- Антиинфективни лекови за системска употреба;* ***L*** *- Антинеопластични и имуномодулаторни лекови;* ***M*** *- Лекови со дејство на коскено;* ***N*** *- Лекови со дејство на ЦНС мускулен систем;* ***P*** *- Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити;* ***R*** *- Лекови за третман на болести на респираторен систем;* ***S*** *- Лекови кои делуваат на сензорни органи;* ***V*** *– Останато*


2.2.2 Потрошувачка на лекови по АТК трето ниво

Според АТК подгрупи на трето ниво, исто како и претходните години, најпотрошувани лекови по број на рецепти и по број на ДДД/1000осигуреници/ден се АЦЕ инхибиторите (Инхибитори на ангиотензин конвертирачкиот ензим, АТК код С09А) кои опфаќаат околу 11% од вкупниот број на реализирани рецепти, втори се анксиолитиците со околу 9,5% а лековите кои ја намалуваат гликозата во крвта учествуваат со 8,3% во вкупниот број на реализирани рецепти. Десетте најпотрошувани лекови по АТК трето ниво опфаќаат околу 64% од реализираните рецепти за 2022 година (Табела 5).

Табела 5. Топ -10 лекови по број на реализирани рецепти по АТК трето ниво и удели, 2022година

Реден број	АТК III ниво	Број на рецепти 2022	Удел во вкупниот број на рецепти (%)
1	С09А-Агенси кои делуваат на ренин - ангиотензин системот	2.807.713	11,22%
2	N05B-анксиолитици	2.381.716	9,52%
3	А10В-лекови кои ја намалуваат гликозата во крвта	2.084.113	8,33%
4	С07А-бета блокатори	1.842.018	7,36%
5	А02В-лекови за пептичен улкус и гастроезофагеален рефлукс	1.782.556	7,13%
6	С10А-агенси за модификација на липиди	1.667.165	6,67%
7	М01А-нестероидни антиинфламаторн и антиревматици	1.031.687	4,12%
8	С09С-блокатори на ангиотензин II рецептори	857.497	3,43%
9	J01C-бета- лактамски антибактерици, пеницилини	788.445	3,15%
10	С08А-селективни блокатори на	760.071	3,04%
	Вкупно АТЦ трето ниво -Топ 10	16.002.981	63,98%
	Вкупно АТЦ трето ниво -останати лекови	9.010.408	36,02%
	Вкупно	25.013.389	100,00%

Графикон 4. Топ 10 лекови по АТК трето ниво (ДДД/1000осигуреници/ден) за 2022 година



***C09A**-Агенси кои делуваат на ренин -ангиотензин системот; **C10A**-агенси за модификација на липиди; **A02B**-лекови за пептичен улкус и гастроезофагеален рефлукс; **C09C**-блокатори на ангиотензин II рецептори;**A10B**-лекови кои ја намалуваат гликозата во крвта; **C08C**- Селективни блокатори на калциумови канали[i]; **N05B**-анксиолитици; **G04C**-лекови за бенингна хипертрофија на простата; **C07A**-бета блокатори; **M01A**-нестероидни антиинфламаторн и антиревматици;*

Според вкупните фактурирани износи, најмногу средства се одвоени за лековите кои го намалуваат нивото на серумските липиди (C10A) со околу 10% од вкупниот износ за лекови фактурирани од ПЗУ аптеките. На второ место се наоѓаат адренергици, инхалатори со над 8,6% во вкупниот износ а на трето место се наоѓаат лековите кои ја намалуваат гликозата во крвта со околу 5,7% од вкупниот износ за лекови на рецепт. Првите топ десет лекови по АТК трето ниво учествуваат со околу 55% во вкупниот износ на товар на ФЗОРСМ (Табела 6).

Табела 6. Топ 10 лекови по АТК трето ниво по износи (денари) за 2022 година

Реден број	АТК III ниво	Вкупен износ 2022	Удел во вкупниот износ (%)
1	C10A-агенси за модификација на липиди	285.840.082	10,11%
2	R03A - адренергици, инхалатори	244.232.695	8,64%
3	A10B-лекови кои ја намалуваат гликозата во крвта	163.388.313	5,78%
4	G04C-лекови за бенигна хипертрофија	146.690.893	5,19%
5	A02B-лекови за пептичен улкус и гастроезофагеален рефлукс	140.038.873	4,95%
6	J01D- други бета лактамски антибактерици	121.831.459	4,31%
7	C09C-блокатори на ангиотензин II рецептори	120.631.061	4,27%
8	J01C-бета- лактамски антибактерици, пеницилини	110.513.590	3,91%
9	R03B- други	110.226.755	3,90%
10	C07A	98.182.446	3,47%
	Вкупно АТК трето ниво -Топ 10	1.541.576.168	54,55%
	Вкупно АТК трето ниво -останати лекови	1.284.656.428	45,45%
	Вкупно	2.826.232.596	100,00%


2.2.3 Потрошувачка на лекови по АТК петто ниво

Во 2022 година најкористен лек според бројот на реализирани рецепти и според ДДД/1000 осигуреници/ден е лекот Enalapril. Овој лек спаѓа во групата кардиолошки лекови кои делуваат на ренин-ангиотензин системот наменет за терапија на покачен крвен притисок. Овој лек учествува со 7,3% од вкупниот број на реализирани рецепти за 2022 година. Втор најпотрошуван лек е Metformin лек кој ја намалува гликозата во крвта за кој се реализирани околу 7,2%. Лекот со генеричко име Diazepam е на трето место според потрошувачата на лекови и опфаќа 5,4 % од вкупно реализираните рецепти. Десетте најпотрошувани генерики на АТК петто ниво опфаќаат 45,6% од вкупниот број на реализирани рецепти (Табела 7)

Табела 7. Топ -10 лекови по број на реализирани рецепти по АТК петто ниво и удели за број рецепти, 2022 година

Ред.бр	АТК V ниво	Генеричко име	Број на рецепти	Удел во вкупниот број на рецепти (%)
1	C09AA02	ENALAPRIL	1.828.947	7,3%
2	A10BA02	METFORMIN	1.806.299	7,2%
3	N05BA01	DIAZEPAM	1.352.396	5,4%
4	C07AB07	BISOPROLOL	1.144.584	4,6%
5	A02BC02	PANTOPRAZOLE	1.059.639	4,2%
6	C09AA03	LISINOPRIL	978.766	3,9%
7	C09CA01	LOSARTAN	857.497	3,4%
8	C10AA07	ROSUVASTATIN	833.913	3,3%
9	C10AA05	ATORVASTATIN	817.245	3,3%
10	M01AB05	DICLOFENAC	714.664	2,9%
		Вкупно АТЦ-петто ниво- Топ 10	11.393.950	45,6%
		Вкупно АТЦ-петто ниво- останати лекови	13.619.439	54,4%
		Вкупно	25.013.389	

Графикон 5. Топ 10 лекови по ДДД/1000 осигуреници/ден, 2022 година



Легенда: ***C09AA02****-Enalapril;* ***A10BA02****-Metformin;* ***N05BA01****-Diazepam;* ***C07AB07****-Bisoprolol;* ***A02BC02****-Pantoprazole;* ***C09AA03****-Lisinopril; C09CA01-Losartan;* ***C10AA07****-Rosuvastatin;* ***C10AA05****-Atorvastatin;* ***M01AB05****-Diclofenac;*

Според вкупните фактурирани износи на првата позиција се наоѓа лекот од групата на кардиолошки лекови што го намалуваат нивото на серумски липиди Rosuvastatin. На овој лек отпаѓа 6,02 % од вкупниот фактуриран износ за лекови на рецепт во 2022 година. Генеричките лекови Metformin и Losartan се наоѓаат на второ односно трето место по износите што се издвоени за овие лекови во 2022 година (Табела 8) .

Табела 8. Топ 10 лекови по потрошувачка според фактурирани износи, 2022 година

Ред.бр	АТК V ниво	Генерика	Вкупен износ	Удел во вкупниот износ (%)
1	C10AA07	ROSUVASTATIN	170.215.457	6,02%
2	A10BA02	METFORMIN	124.175.849	4,39%
3	C09CA01	LOSARTAN	120.631.061	4,27%
4	C10AA05	ATORVASTATIN	114.442.295	4,05%
5	R03AK07	FORMOTEROL+BECLO METASONE	111.193.552	3,93%
6	A02BC02	PANTOPRAZOLE	90.672.534	3,21%
7	J01DD08	CEFIXIME	89.151.262	3,15%
8	J01CR02	AMOXICILLIN + CLAVULANIC ACID	87.591.018	3,10%
9	G04CA02	TAMSULOSIN	79.428.875	2,81%
10	R03AK06	SALMETEROL + FLUTICASONE	78.746.917	2,79%
		Вкупно АТЦ-петто ниво- Топ 10	1.066.248.821	37,73%
		Вкупно АТЦ-петто ниво- останати лекови	1.759.983.775	62,27%
		Вкупно	2.826.232.596	

2.3 Потрошувачка на лекови на рецепт по подрачни служби на Фондот

Во 2022 година се бележи зголемување на бројот на реализирани рецепти во однос на 2021 година во 24 подрачна служба на Фондот. Најголем раст на бројот на реализирани рецепти во споредба со предходната 2021 година се бележи во ПС Брод со околу 25,4% а најголем пад во бројот на реализирани рецепти се јавува во ПС Валандово со скоро 16% помал број на реализирани рецепти во однос на 2021 година. Во Табелата 9 е даден преглед на бројот на реализирани рецепти за лекови по подрачни служби на Фондот и споредба на просечниот број на рецепти по осигуреник за 2020, 2021 и 2022 година.

Табела 9. Потрошувачка на лекови во ПЗЗ по подрачни служби на Фондот, 2020-2022година

Ред. Бр.	ФЗО Подрачна служба	Број на рецепти 2020	Број на рецепти 2021	Број на рецепти 2022	Удел во вкупен број на рецепти 2022	Разлика 2022/2021 (%)	Просечен број на рецепти по осигуреник 2020	Просечен број на рецепти по осигуреник 2021	Просечен број на рецепти по осигуреник 2022
1	Берово	300.904	304.355	309.506	1,24%	1,69%	20,75	21,92	21,51
2	Битола	1.438.022	1.432.496	1.467.742	5,87%	2,46%	15,30	15,90	15,78
3	Брод	94.874	82.875	103.929	0,42%	25,40%	12,82	11,74	14,11
4	Валандово	165.175	191.171	160.823	0,64%	-15,87%	16,84	20,41	16,26
5	Велес	831.514	835.375	837.795	3,35%	0,29%	14,50	15,16	14,78
6	Виница	228.385	228.987	230.234	0,92%	0,54%	14,78	15,65	15,13
7	Гевгелија	571.249	561.593	580.899	2,32%	3,44%	19,08	19,42	19,53
8	Гостивар	896.721	915.703	973.448	3,89%	6,31%	10,27	10,68	11,10
9	Дебар	196.501	211.586	209.102	0,84%	-1,17%	9,38	10,35	9,98
10	Делчево	378.005	391.719	391.884	1,57%	0,04%	18,63	19,98	19,36
11	Демир Хисар	109.172	109.865	114.557	0,46%	4,27%	16,86	17,86	18,12
12	Кавадарци	601.526	596.967	599.983	2,40%	0,51%	13,77	14,35	14,00
13	Кичево	659.247	671.463	642.046	2,57%	-4,38%	15,39	16,11	15,08
14	Кочани	629.007	631.183	633.063	2,53%	0,30%	16,36	17,18	16,82
15	Кратово	106.113	108.032	106.021	0,42%	-1,86%	15,46	16,39	15,66
16	Крива Паланка	285.825	283.710	290.601	1,16%	2,43%	14,52	14,84	14,63
17	Крушево	72.228	71.247	68.923	0,28%	-3,26%	8,32	8,54	8,01
18	Куманово	1.494.248	1.541.265	1.557.500	6,23%	1,05%	12,33	13,07	12,78
19	Неготино	360.877	362.951	371.243	1,48%	2,28%	19,14	19,96	19,46
20	Охрид	938.488	926.609	929.228	3,71%	0,28%	17,00	17,49	16,70
21	Прилеп	1.302.699	1.281.310	1.290.061	5,16%	0,68%	15,47	15,89	15,55
22	Пробиштип	190.999	194.208	199.702	0,80%	2,83%	15,19	15,86	15,72
23	Радовиш	261.007	266.234	268.886	1,07%	1,00%	9,83	10,44	10,33
24	Ресен	245.087	246.292	246.914	0,99%	0,25%	15,83	16,53	15,99
25	Свети Николе	209.004	216.207	228.975	0,92%	5,91%	12,98	14,20	14,16
26	Скопје	7.682.270	7.722.067	7.761.499	31,03%	0,51%	12,14	12,61	12,34
27	Струга	723.160	729.038	741.111	2,96%	1,66%	13,79	14,26	14,11
28	Струмица	1.204.901	1.216.032	1.204.001	4,81%	-0,99%	14,60	15,36	14,97
29	Тетово	1.685.497	1.756.019	1.784.421	7,13%	1,62%	9,88	10,49	10,40
30	Штип	691.624	687.416	709.292	2,84%	3,18%	13,32	13,89	13,89
	Вкупно	**24.554.329**	**24.773.975**	**25.013.389**			**13,17**	**13,74**	**13,49**

Во следната Табела 10 дадена е споредбата на вкупните износи по подрачни служби како и просечните износи по осигуреник за 2020, 2021 и 2022 година. Од оваа табела може да се види дека најголем раст на износот издвоен за рецепти во споредба со предходната 2021 година се бележи во ПС Брод со околу 30,5% а најголемо намалување се бележи во ПС Валандово со над 14% помал издвоен износ за лекови во однос на 2021 година.

Табела 10. Потрошувачка на лекови на рецепт по подрачни служби на Фондот, по износи, 2020-2022 година

Редеи број	ФЗО Подрачна служба	Вкупен износ (денари) 2020	Вкупен износ (денари) 2021	Вкупен износ (денари) 2022	Удел во вкупниот износ за 2022	Разлика 2022/2021 година (%)	Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2020	Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2021	Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2022
1	Берово	30.326.112	30.550.464	31.166.603	1,10%	2%	2.091,02	2.199,93	2.166,30
2	Битола	151.908.486	149.558.058	155.046.653	5,49%	3,67%	1.615,86	1.659,75	1.666,94
3	Брод	8.849.529	7.965.275	10.397.591	0,37%	30,54%	1.195,40	1.128,07	1.411,37
4	Валандово	15.825.902	18.226.184	15.659.429	0,55%	-14,08%	1.613,41	1.945,79	1.583,52
5	Велес	90.397.844	90.749.410	91.470.763	3,24%	0,79%	1.576,06	1.646,88	1.613,58
6	Виница	23.528.196	23.653.649	23.840.704	0,84%	0,79%	1.522,17	1.616,24	1.567,02
7	Гевгелија	56.246.644	55.775.055	58.471.228	2,07%	4,83%	1.879,02	1.928,33	1.965,88
8	Гостивар	109.130.417	113.547.270	119.594.374	4,23%	5,33%	1.250,25	1.324,83	1.364,22
9	Дебар	22.095.363	23.792.617	23.789.685	0,84%	-0,01%	1.054,42	1.163,40	1.135,76
10	Делчево	37.124.935	37.987.782	38.641.096	1,37%	1,72%	1.829,81	1.937,95	1.908,58
11	Демир Хисар	10.138.722	10.137.793	10.525.821	0,37%	3,83%	1.565,83	1.647,62	1.664,69
12	Кавадарци	73.999.859	72.739.737	72.389.463	2,56%	-0,48%	1.693,67	1.748,34	1.688,54
13	Кичево	73.262.742	74.308.422	71.259.413	2,52%	-4,10%	1.710,43	1.783,13	1.673,74
14	Кочани	69.144.694	69.218.361	69.670.887	2,47%	0,65%	1.798,49	1.883,85	1.851,52
15	Кратово	11.488.860	11.323.602	11.308.492	0,40%	-0,13%	1.674,03	1.718,04	1.670,14
16	Крива Паланка	31.256.753	31.028.382	31.495.804	1,11%	1,51%	1.587,60	1.622,57	1.586,13
17	Крушево	8.597.504	7.953.590	7.997.059	0,28%	0,55%	990,27	953,67	929,03
18	Куманово	176.071.404	180.149.954	181.028.445	6,41%	0,49%	1.453,39	1.527,65	1.485,65
19	Неготино	35.750.939	36.607.757	37.757.368	1,34%	3,14%	1.896,10	2.012,74	1.979,62
20	Охрид	106.892.201	104.804.153	108.081.854	3,82%	3,13%	1.935,72	1.978,44	1.942,35
21	Прилеп	147.235.292	141.065.089	143.533.473	5,08%	1,75%	1.748,12	1.749,08	1.730,22
22	Пробиштип	19.074.111	19.733.655	20.492.503	0,73%	3,85%	1.517,31	1.611,44	1.612,82
23	Радовиш	32.247.935	32.723.840	33.760.303	1,19%	3,17%	1.214,70	1.283,09	1.296,98
24	Ресен	25.420.885	25.280.817	25.391.584	0,90%	0,44%	1.642,39	1.696,47	1.644,53
25	Свети Николе	23.807.104	24.167.031	26.124.069	0,92%	8,10%	1.479,07	1.587,33	1.615,79
26	Скопје	906.483.567	903.059.197	910.277.430	32,21%	0,80%	1.432,78	1.474,12	1.446,89
27	Струга	81.260.976	81.095.543	83.429.908	2,95%	2,88%	1.549,66	1.586,50	1.588,72
28	Струмица	130.495.103	130.527.050	129.013.847	4,56%	-1,16%	1.580,84	1.648,19	1.604,13
29	Тетово	191.987.785	198.983.807	199.931.998	7,07%	0,48%	1.125,27	1.188,56	1.164,98
30	Штип	81.132.332	80.272.923	84.684.748	3,00%	5,50%	1.562,13	1.621,51	1.658,50
	Вкупно	2.781.182.198	2.786.986.467	2.826.232.596	100,00%		1.492,02	1.546,15	1.524,06

Просечно во 2022 година се реализирани 13,49 рецепти по осигуреник, додека фактурираниот износ просечно по осигуреник за истиот период изнесува 1.524,06 денари.

2.4 Потрошувачка на лекови од групата на антибиотици и анксиолитици

Со цел рационално пропишување и употреба на лековите, особено за лековите од групата на антибиотици и анксиолитици, Фондот за здравствено осигурување преку Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарна здравствена заштита воведе превентивни мерки и активности со цел за унапредување на здравствената состојба, спречување, сузбивање и рано откривање на болести и други нарушувања на здравјето, кои се вршат од страна на избраниот лекар. Здравствените установи за постигнување на превентивните мерки и активности (цели) изготвуваат план на активности. Фондот воведе контролни механизми за избраните лекари преку пресметки врзани за нивните цели.

Заради тоа како дел од анализите за потрошувачката на лекови на товар на Фондот посебно внимание се одвојува на анализа на потрошувачката на лекови од групата на антибиотици и анксиолитици.

Во Табелата 11 даден е преглед на потрошувачка на лекови на товар на Фондот по број на реализирани рецепти за групата на антибиотици и анксиолитици за период од 2020 до 2022година.


Табела 11. Реализирани рецепти за антибиотици и анксиолитици, 2020-2022 година

АТК V ниво	Генеричко име	Број на рецепти 2020	Број на рецепти 2021	Број на рецепти 2022
Антибиотици				
J01AA02	Doxycycline	1.736	2.342	2.356
J01CA04	Amoxicillin	114.941	121.822	136.702
J01CE10	Benzathine phenoxymethylpenicillin	34.273	29.452	43.235
J01CR02	Amoxicillin +clavulanic acid	416.393	466.371	608.508
J01DB01	Cefalexin	96.023	98.119	113.610
J01DB05	Cefadroxil	12.944	16.385	3.995
J01DC02	Cefuroxime	90.747	78.708	77.317
J01DC04	Cefaclor	18.757	27.328	13.277
J01DD08	Cefixime	133.639	181.273	174.633
J01EE01	Sulfamethoxazole + trimethoprim	16.490	23.007	26.593
J01FA01	Erythromycin	3.506	3.831	3.804
J01FA03	Midecamycin	15.282	14.502	19.317
J01FA09	Clarithromycin	74.082	93.215	104.765
J01FA10	Azithromycin	306.546	178.310	156.282
J01FF01	Clindamycin	35.057	36.073	38.796
J01MA02	Ciprofloxacin	164.403	170.142	186.328
J01MA03	Pefloxacin	1.204	378	19
J01MA06	Norfloxacin	16.023	20.453	20.634
	Вкупно антибиотици	1.552.046	1.561.711	1.730.171
		90%	101%	111%
Анксиолитици				
N05BA01	Diazepam	1.311.615	1.380.405	1.352.396
N05BA08	Bromazepam	379.725	395.466	381.443
N05BA12	Alprazolam	605.532	650.715	647.877
	Вкупно анксиолитици	2.296.872	2.426.586	2.381.716
		114%	106%	98%

Од Табелата 11 може да се види дека во 2022 година има зголемување на вкупниот број на реализирани рецепти за лековите од групата на антибиотици и тоа за околу 11% во однос на 2021 година. По број на реализирани рецепти, значително е зголемена потрошувачката на генеричките лекови Benzathine phenoxymethylpenicillin, Midecamycin и Amoxicillin + clavulanic acid, а намалување има кај лекот Cefadroxil и Cefaclor.

На прво место според бројот на реализирани рецепти се наоѓа лекот со генеричко име Amoxicillin + clavulanic acid, исто така и според бројот на ДДД/1000осигуреници/ден (Графикон 6).


Графикон 6. Потрошувачка на антибиотици по ДДД/1000осигуреници/ден, 2020 – 2022 година



Според податоците за потрошените дневни дефинирани дози на лековите на 1000 осигуреници на ден, слично како и според бројот на реализирани рецепти, има незначително зголемување на потрошувачката кај поголем број на антибиотици а лековите со генеричко име Benzathine phenoxymethylpenicillin, Midecamycin и Amoxicillin + clavulanic acid има видно зголемување. Значително намалување на потрошувачката се забележува за антибиотиците со INN Cefadroxil, Cefaclor и Azithromycin.

Вкупниот број на реализирани рецепти за лековите од групата на анксиолитици во 2022 година бележи намалување во однос на 2021 година за околу 2%. Пад на бројот на рецепти има кај трите генерики Diazepam, Alprazolam и Bromazepam (Табела 11). Исто така, бројот на ДДД/1000осигуреници/ден е намален кај трите генерики од оваа група. (Графикон 7).

Графикон 7. Потрошувачка на анксиолитици, ДДД/1000осигуреници/ден, 2020- 2022 година



Од Табелата 12 може да се забележи дека во 2022 година има намалување на вкупниот фактуриран износ кај лековите од групата на антибиотици и тоа за приближно 2%, односно околу 5,5 милиони денари помалку одвоени средства во однос на претходната 2021 година, додека кај анксиолитиците има намалување на износот за приближно 2%, споредено со 2021 година, односно за оваа група на лекови во 2022 година се одвоени околу 800 илјади денари помалку во однос на 2021 година.

Табела 12. Потрошувачка на антибиотици и анксиолитици по вкупен износ за 2020-2022 година

АТК V ниво	Генеричко име	Вкупен износ 2020	Вкупен износ 2021	Вкупен износ 2022
J01AA02	Doxycycline	27.638	39.400	40.312
J01CA04	Amoxicillin	7.303.416	7.776.373	8.615.131
J01CE10	Benzathine phenoxymethylpenicillin	11.770.336	9.925.088	14.307.440
J01CR02	Amoxicillin +clavulanic acid	61.995.289	66.874.467	87.591.018
J01DB01	Cefalexin	10.290.637	10.539.233	12.211.042
J01DB05	Cefadroxil	2.957.406	3.607.393	1.030.680
J01DC02	Cefuroxime	19.200.506	16.586.788	17.052.591
J01DC04	Cefaclor	3.171.000	4.564.492	2.385.885
J01DD08	Cefixime	97.885.252	121.080.247	89.151.262
J01EE01	Sulfamethoxazole + trimethoprim	917.582	1.322.551	1.541.038
J01FA01	Erythromycin	535.951	631.579	646.070
J01FA03	Midecamycin	2.651.918	2.562.005	3.436.511
J01FA09	Clarithromycin	17.163.441	21.672.717	24.500.089
J01FA10	Azithromycin	32.402.031	18.781.176	16.471.582
J01FF01	Clindamycin	5.944.091	6.121.952	6.607.490
J01MA02	Ciprofloxacin	9.729.079	10.029.162	11.037.926
J01MA03	Pefloxacin	257.150	80.733	4.058
J01MA06	Norfloxacin	2.174.162	2.775.492	2.802.850
	Вкупно антибиотици	286.376.884	304.970.849	299.432.975
		96%	106%	98%
	Анксиолитици			
N05BA01	Diazepam	27.199.382	28.347.139	27.727.426
N05BA08	Bromazepam	6.423.364	6.703.440	6.467.155
N05BA12	Alprazolam	14.132.220	15.288.633	15.327.613
	Вкупно анксиолитици	47.754.966	50.339.213	49.522.194
		114%	105%	98%

3. Заклучоци

Врз основа на резултатите од спроведените анализи на достапните податоци за потрошувачката на лекови на рецепт на товар на Фондот за 2022 година, може да се заклучи дека генерално има умерен благ пораст на потрошувачката на лековите на рецепт од Листата на лекови кои се на товар на Фондот, што укажува на добро обезбедување на осигурениците со лекови на рецепт во рамки на моменталната структура на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот, како и според пазарните и другите услови во дражавата кои влијаат на потрошувачката на лекови.

- Постои континуиран тренд на зголемување на снабдувањето со лекови на рецепт на осигурениците на ФЗОРСМ. Со зголемувањето на количините на обезбедените лекови и соодветно вкупните износи за лекови на рецепт на товар на ФЗОРСМ бележат значаен пораст во периодот 2015 до 2022 година од околу 18% и 17%
- Во 2022 година на товар на ФЗОМ во аптеките се реализирани 25,01 милиони рецепти, со вкупен износ на товар на Фондот од 2,83 милијарда денари.
- Најпотрошувани лекови во 2022 година на АТК прво ниво се лековите од С групата (лекови кои делуваат на кардиоваскуларниот систем) и тоа по број на реализирани рецепти, по број на ДДД/1000/ден и по износи.
- Најпотрошувани лекови во 2022 година на АТК трето ниво според број на реализирани рецепти и по број на ДДД/1000/ден се С09А- АЦЕ инхибиторите.
- Во однос на издвоените средства на лековите по АТК трето ниво, најмногу се издвоени за лековите од С10А – агенси за модификација на липиди.
- Најкористен лек на АТК петто ниво во 2022 година според бројот на реализирани рецепти, како и во претходните години, е лекот Enalapril со вкупно 1,82 милиони реализирани рецепти, што претставува околу 7,3 % од вкупно реализирани рецепти.
- Според ДДД/1000/ден во 2022 година, според АТК петто ниво исто така најкористен е лекот Enalapril со околу 71,89 ДДД/1000 осигуреници/ден.
- Според АТК петто ниво, најмногу средства се издвоени за генеричкиот лек Rosuvastatin со вкупно 170,2 милиони денари.
- Најголема потрошувачка има преку аптеките на територија на ПС Скопје (град Скопје и околината) каде се реализирани вкупно 7.761.499 рецепти (околу 31,03%) во вкупен износ 910.277.430 денари (околу 32,2%).
- На ниво на РМ во 2022 година просечно се реализирани околу 13,49 рецепти по осигуреник.
- Најмногу рецепти по подрачни служби по осигуреник се реализирани во Подрачните служби Берово и Гевгелија со просечно околу 21,5 односно 19,5 рецепти по осигуреник.
- На државно ниво, во 2022 година за лекови на рецепт просечно Фондот платил по 1.524 денари по осигуреник.

- Најмногу средства по осигуреник за лекови на рецепт се издвоени во Подрачните служби Берово - со околу 2.166 денари и Неготино - со 1.979 денари.
- Бројот реализирани рецепти за лековите од групата антибиотици во 2022 година е зголемен за 11% во однос на предходната 2021 година, додека потрошувачката на анксиолитици по број на реализирани рецепти е намален за 2% во однос на предходната 2021 година.
- Од анализата на потрошувачката по ДДД, најмногу единици се издадени за антибиотикот Amoxicillin + clavulanic acid со вкупно 5,62 ДДД единици. Од групата на анксиолитици најпотрошуван е лекот со генеричко име Diazepam кој има потрошувачка од 21,62 ДДД единици на 1000 осигуреници на ден.
- Вкупниот издвоен износ за лековите од групата антибиотици и анксиолитици во 2022 година е намалени за околу 2% во однос на предходната 2021 година.
- Потребна поддршка на мерките и контролните активности на ФЗОРСМ за лекови на рецепт, преку зајакнување и надградба на информатичките основи, бази на податоци, автоматски контролни елементи и воведување на BI (Business Intelligence) алатки за побрзо добивање и анализирање на податоците од информатичкиот систем на ФЗОРСМ за лекови и друго.